ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
*Претседател*

*Бр.08-252/2*

*Скопје, 04.07.2017 година*

До:
Нотарската комора на Македонија

За:
Васил Кузманоски
Претседател на Нотарската комора на Македонија

Почитуван г-дине Кузманоски,

Како многу драгоцена ја примивме информацијата дека Нотарската комора на Република Македонија е примена за членка на Советот на нотаријатите на Европската Унија со статус набљудувач.

Со оваа одлука на Советот на нотаријатите на ЕУ, Нотарската комора на Македонија се стекнува со привилегија да биде дел организираните процеси за претставување на нотарската професија во односите со европските институции, како и да биде постојано во тек со промените во европската легислатива кои ќе бидат од полза за граѓаните на Република Македонија.

Со вклучувањето на Нотарската комора на Македонија во оваа организација, комората на нотарите се стекнува со дополнителна можност за уште поактивна улога во обезбедувањето на општество со превентивна правна сигурност врз основа на јавните овластувања што државата им ги има отстапено на нотарите.

Во име на Владата на РМ и во мое лично име, Ви посакувам натамошни успеси.

**Зоран Заев**